АДВОКАТ
КАТЕРИНА ГРУЈОСКА

ж.с/ка: 210-0711843001-82
Депонент: НЛБ Банка АД Скопје
ЕДБ: 5044016501307
ЕМБС 7118430

Ул."Лука Геров" 11 а
Скопје, Р.С.Македонија
Моб. 071/ 338-252
Електронско сандаче: katerina.grujoska
Email: katerina.grujoska@gmail.com

ДО
УСТАВЕН СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Подносител: Синдикат на културата на Република Македонија Скопје, со седиште на бул. Гоце Делчев бр. 4, Скопје, - Центар, Центар, со ЕМБС 6208444, со ЕДБ 4030007628570 застапувано од Претседателот Вера Атанасовска, преку полномошник Адвокат Катерина Грујоска од Скопје.

ИНИЦИЈАТИВА
ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА
ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТ И ЗАКОНИТОСТ

Подносителот до Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесува Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставност и законитост на
- Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура на Република Северна Македонија.

со посебен

ПРЕДЛОГ
за изрекување на привремена мерка

I. Да се запрат од извршување и постапување сите поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на оспореното Упатство бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година на Министерот за култура на РСМ до конечната одлука на Уставниот суд на РСМ по поднесената иницијатива за оценка на уставноста и законитоста на цитираното упатство.

II. Привремената мерка, заедно со решението за поведување на постапка за оценка на уставноста и законитоста на Упатство за пресметка на платите во установите од областа на

културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура на РСМ да се објави во Службен весник на РСМ.

Образложение

Подносителот на оваа Иницијатива цени дека донесеното Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура на Република Северна Македонија е спротивно на Уставот на Република Северна Македонија како највисок правен акт во Републиката поради следното:

- Уставот на Републиката претставува систем од пропишани норми со кои се уредуваат сите аспекти на општественото живеење и во истиот се воспоставени основните правила и принципи преку кои се управува државата.

Со оглед на фактот дека Уставот е највисок правен акт на државата, сите други закони, подзаконски акти и пишани правила треба да бидат во согласност со Уставот, односно секој понизок акт задолжително мора да ги почитува вредностите пропишани со Уставот и задолжително мора да се покорува на ограничувањата предвидени со Уставот, како би можело таквите пропишани вредност да бидат заштитени!

Подносителот на иницијативата смета дека токму принципите на современата демократија и хиерархија на правните акти во системот на уредувањето на Републиката каде несомнено Уставот има највисоко место, не се запазени во конкретниот случај со донесувањето и стапувањето во сила на Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура.

Во оспореното упатство, Министерот за култура на РСМ без никакво овластување заклучил дека со цел да не се создавала наводна правна несигурност, основната бруто плата за вработените во установите од областа на културата ќе се пресметува на начин опишан во точката 3 од истото Упатство.

Имено, според точка 3 од Упатството, Основната бруто - плата на вработените во установите од областа на културата се пресметува на следниов начин:
- Минималната плата, објавена во согласност со Закон,
- се множи со коефициентот на сложеност на работното место во согласност со чл.65 од Колективниот договор за културата,
- на добиениот износ се додава (собира) разликата по работното место од исплатената основна бруто - плата за септември 2023 година и исплатената основна бруто - плата за август 2023 година, во согласност со чл.14 ст.1 од Општиот колективен договор за јавниот сектор.

Подносителот смета дека со вака донесеното Упатство нарушени се основните вредности заштитени со Уставот, од причина што Министерот се ставил во улога на законодавец и спротивно на Уставот како највисок правен акт, одредена категорија граѓани на Република Северна Македонија (вработените во установите од областа на културата) се подведени во нееднаква и нерамноправна положба во споредба со другите вработени во јавниот сектор!

Имено, согласно чл.32 ст.5 од Уставот на Република Северна Македонија, **остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори**. Тоа значи дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба е препуштено да се уредуваат **само со закон и со колективни договори, а не со подзаконски акти како во конкретниот случај донесен од министерот за култура на РСМ!**

Уставот на Република Северна Македонија не предвидел состојба Министерот за култура самостојно да оценува постоење на наводна правна (не)сигурност, ниту предвидил дека со упатство може да се пресметува плата на вработен!

Според чл.8 ст.1 ал.3 и чл.51 од Уставот на РСМ, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото и наведената темелна вредност се остварува така што законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, при што секој е должен да ги почитува Уставот и законите!

Според чл.105 ст.1 од Законот за работните односи, Работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Согласно чл.14 ст.1 од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Сл. Весник на РСМ бр.154/23), Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%, започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2023 година.

Од вака изнесеното неспорно произлегува дека Министерот за култура на РСМ со донесеното Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година, постапил спротивно на горенаведените прописи, па така донесеното Упатство како пишано правило е во целосна спротивност на ЗРО, на ОКД за јавниот сектор и крајно, спротивно на наведените одредби од Уставот на Републиката!

Членот 14 од ОКД за јавниот сектор склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија, јасно и прецизно го утврдува начинот на плаќање на платата на вработените во јавниот сектор со тоа што основната плата се зголемува за 10% започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2023 година.

Согласно чл.4 од истиот КД, Овој колективен договор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и работниците во јавниот сектор.

Ова значи дека наведените одредби во истиот се задолжителни и истите со објавување во Службен весник на РСМ произведуваат правно дејство и секој е должен да ги почитува истите и да постапува согласно наведените одредби.

Секако, ова значи дека истите одредби се задолжителни и за Министерот за култура, кој е должен да постапува по истите!

Но, во конкретниот случај, Министерот за култура на РСМ се земал во улога на законодавец, па со Упатство самостојно го определил начинот на исплатата на платата за вработените во установите од областа на културата, иако ниту Уставот на Републиката, ниту поединечен закон не му дал овластување на министерот за култура самостојно да донесе правен акт со кој ќе го определи начинот на исплата на платата на вработените во установите од областа на културата.

Оттука, неспорно произлегува дека вработените во установите од областа на културата наместо да добиваат месечна плата исплатена согласно чл.14 од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Сл. Весник на РСМ бр.154/23), месечната плата ќе ја добиваат врз основа на Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура, со што сите вработени во установите од областа на културата се спречени да добиваат плата како што е определено со колективниот договор.

На овој начин вработените во установите од областа на културата се во нееднаква положба во споредба со другите вработени во јавниот сектор за кој платата ќе продолжи да се исплаќа согласно чл.14 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, со што директно доаѓа до невидена повреда на принципот на правната сигурност како и на темелните вредности предвидени со Уставот на Републиката.

Министерот за култура и покрај јасно определениот член 14 од ОКД за јавниот сектор, се ставил во улога на законодавец и работодавач, па самостојно со донесено упатство во точка 1 неосновано заклучува дека *"Зголемувањето од 10% во септември 2023 година не беше вградено во коефициентите по работно место утврдени во чл.66 од Колективниот договор за култура, па затоа секоја објава на новата минимална плата предизвикува зголемување на износот на минималната бруто-плата за 10% и создавање нова минимална бруто плата кој отстапувала од минималната бруто-плата објавена во согласност со закон."*, па оттука министерот за култура без постоење на никакво овластување, за да не се создала наводна правна несигурност, донел решение дека платата на вработените во установите од областа на културата ќе се пресметува согласно донесеното упатство, наместо колективниот договор.

Со кој акт е овластен Министерот да утврдува правна несигурност како што утврдил? Дали Министерот за култура е истовремено и орган - Уставен суд на Републиката?

Овој начин со донесување на Упатство за пресметка и исплата на платите претставува **создавање на опасен преседан во Република Северна Македонија**, каде што секој работодавач може самостојно да си донесе свое упатство за исплата на плата и на тој начин да ги погази колективните договори, законите и крајно, Уставот на Републиката!

Доколку секој Министер, директор или друг функционер има право да си донесе упатство за определување на платата, зошто ни се потребни постоењето на колективните договори, законите и Уставот?

Донесеното Упатство на Министерот за култура едноставно промовира дека во Републиката непочитувањето на законите и сопствените обврски не е неморално и нечесно, туку дека истото е вообичаено и исплатливо, со што на директен начин се промовира состојба на неправо.

Поради овој опасен преседан што се наметнува во Република Северна Македонија, подносителот цени дека ова Упатство треба најитно да биде отстрането од правниот промет на Република Северна Македонија, со што јасно и недвосмислено ќе се застане во одбрана на темелните вредности кои перзистираат во највисокиот правен акт на Републиката.

Можеби најзначајното правило и обврска содржана во Уставот на Републиката е тоа дека **секој е должен да го почитува Уставот и законите**!

Согласно чл.8 од Уставот на РСМ, правната сигурност е предвидена како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, која со вака донесено Упатство се дерогира и од правна сигурност се добива правна несигурност, бидејќи во секој момент Министерот за култура или било кој друг министер, може да донесе упатство за определување на исплаќањето на платата, со што ќе се погазат во целост донесените закони и колективни договори.

Најголемиот проблем во донесеното Упатство на Министерот за култура е што ги става под знак прашалник токму вредностите на Уставот и уставниот поредок во најчувствителниот дел кој практично го определува карактерот на државата како демократско општество, со етаблирана и стабилна демократија, со заштитени човекови права и со забрана на секаков вид на дискриминација. Стремежот на секоја правна држава е во правниот поредок да перзистираат само јасни, прецизни и недвосмислени законски и други правни норми. Во случај кога Министерот за култура со донесување на упатство ги заобиколува предвидените одредби во колективниот договор за јавниот сектор и преостанатите закони, директно го погазува и Уставот на Републиката, правејќи го обичен лист хартија без никакво значење!

Крајно, вака донесеното Упатство не само што е во колизија со одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор и другите домашни закони, воведува нов начин на носење правни норми, досега непознати во историјата на Републиката, што во крајна линија е во спротивност и со прифатените норми на меѓународното право, а посебно на чл.1 од Протоколот 1 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи!

Со ниту еден правен акт Министерот за култура нема овластување да цени дали се создавало правна несигурност па самоиницијативно да донесува Упатство со кое ги става одредена категорија вработени во нееднаква положба со другите вработени, туку во Републиката согласно уставот дадени се категории институции кои оценуваат и утврдуваат дали постои правна несигурност или не. На овој начин Министерот сакајќи да избегне НАВОДНА правна несигурност, создал досега невидена правна несигурност, спротивна на сите правни норми во Републиката, на штета на сите вработени во културата!

Со донесеното Упатство на Министерот за култура се прави директна дискриминација помеѓу вработените во јавниот сектор на начин што вработените во установите од областа на културата се доведени во нееднаква положба со другите категории вработени лица во јавниот сектор, па наместо за сите вработени во јавниот сектор да се применува чл.14 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, за вработените во установите од областа на културата спротивно на Закон, ќе се применува Упатство донесено од Министерот за култура.

Од вака наведеното јасно и сигурно произлегува дискриминацијата на вработените во областа на културата, за кого примената на Колективниот договор нема да важи, туку Министерот со упатство ќе утврдува кој вработен колку да земе месечна плата.

На овој начин, стремежот за приклучување кон современите демократии и членство во Европската Унија на нас како држава ни станува недостижна цел од причини што во современа демократија, недозволиво е министер без дадени овластувања самостојно да цени постоење на правна (не)сигурност и самостојно без овластување да донесе упатство за начинот на пресметување плата.

Имајќи го сето ова во предвид, врз основа на изнесената фактичка состојба и наведеното правно стојалиште, подносителот на иницијативата предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе

I. Решение за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура, во целина.

II. Да донесе **Одлука за поништување или укинување** на Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура во целина.

Посебно барање за определување на времена мерка

Упатството за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура веќе започнува да предизвикува огромна материјална штета и загуба на работниците вработени во установите од областа на културата, кои преку посебни судски барања до надлежните судови во Република Северна Македонија си ги бараат остварувањето на нивните права од работен однос.

Дополнително, вака донесеното упатство бидејќи создава правен преседан невиден досега во РСМ, може да биде поттик и за друг Министер, директор и функционер да донесе упатство со кое ќе го збрише постоењето на законот и Уставот, па самостојно да определува работи за кои нема овластување. На начин како овој, со донесување на Упатство, неспорно се изигрува законот, се создава огромен простор за манипулација, поради што подносителот на Иницијативата смета дека е потребно примената на ова Упатство да се запре во самиот почеток на неговата примена, бидејќи за кратко време ќе направи голема штета за работниците вработени во областа на културата.

Поради тоа, донесеното Упатство не значи само прекршување на начелото на еднаквост на граѓаните пред законот, туку истото претставува и опасност од голема материјална штета која Република Северна Македонија од заедничкиот буџет ќе треба да ја надомести за секој што со судска одлука ќе биде утврдено дека имал повреда на правата од работниот однос.

Подносителот цени дека правниот систем на државата не смее да дозволи постоење на вака донесено Упатство со кој се регулира начинот на исплата на плата во Републиката, со нанесување дирректна штета на вработените во установите од областа на културата. Имајќи го ова во предвид, подносителот на иницијативата како посебно барање на Уставниот суд на Република Северна Македонија му предлага да изрече:

ПРИВРЕМЕНА МЕРКА

I. **СЕ ЗАПИРААТ** од извршување сите поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на Упатството за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура, до конечната одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија по поднесената иницијатива за оценка на уставноста и законитоста на Упатството.

II. Привремената мерка, заедно со решението за поведување на постапка за оценка на уставноста на Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура да се објави во Службен весник на Република Северна Македонија.

Прилог:
Адвокатско полномошно
Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр. 40-11275/1 од 29.12.2025 г.

Скопје,
09.02.2026 година

Полномошник:
Адвокат Катерина Грујоска

АДВОКАТ
Катерина Грујоска
Скопје

АДВОКАТ
КАТЕРИНА ГРУЈОСКА

ж.с/ка: 210-0711843001-82
Депонент: НЛБ Банка АД Скопје
ЕДБ: 5044016501307
ЕМБС 7118430

Ул."Лука Геров" 11 а
Скопје, Р.С.Македонија
Моб. 071/ 338-252
Електронско сандаче: katerina.grujoska
Email: katerina.grujoska@gmail.com

Синдикатот на културата на Република Македонија, со седиште на бул. Гоце Делчев бр. 4, со ЕМБС 6208444, и со ЕДБ 4030007628570 застапувано од Претседателот Вера Атанасовска, на ден 03.02.2026 година го дава следното:

АДВОКАТ
Катерина Грујоска
Скопје

ПОЛНОМОШНО

Се овластува адвокат Катерина Грујоска од Скопје, да може во име и за сметка на СКРМ да подготви и поднесе Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Упатство за пресметка на платите во установите од областа на културата бр.40-11275/1 од 29.12.2025 година донесено од Министерот за култура на Република Северна Македонија, како и да го застапува Синдикатот се до завршување на постапката, со сите овластувања по закон и без ограничувања.

03.02.2026г. Скопје

За СКРМ, Претседател
Вера Атанасовска

СИНДИКАТ НА КУЛТУРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • СКРМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

